# ПРАВИЛНИК

## ВЕЛО ПАТЕКА



**ИМПРЕСУМ**

Правилник за едукативна игра за деца: **„Вело Патека“**

**Објавено од:**

Еко - Логик (Македонија)

www.ecologic.mk

ecologic.mk@gmail.com

**Информации за издавачот:**

Никола Нешкоски

**Главни автори:**

Томас Рамалхете

Никола Нешкоски

**Дизајн:**

Меги Велкова

Овој правилник е дел од проектот “New Wheels of Change“ со референтен број: 2022-1-AT01-KA220-SCH000085481. Сите материјали се предмет на лиценцата Криејтив комонс CC-BY NC-SA. Тие може да се користат, репродуцираат, дистрибуираат или модифицираат под следниве услови: авторите мора да бидат именувани, додека можна понатамошна дистрибуција или понатамошен развој може да се направи само под надзор на носителот на правата на авторот.

Повеќе информации за проектот може да се најдат овде:

https://www.newwheelsofchange.com/

Co-funded by
the European Union

Овој проект е финансиран со поддршка на Европската комисија. Авторот е единствено одговорен за содржината на оваа публикација, а Комисијата не е одговорна за каква било понатамошна употреба на информациите содржани во неа.

# Содржина

Соджина ........ 3
Вовед ........ 4
Цел ........ 4
Елементи за игра ........ 5
Плочки ........ 5
Карти ........ 7
Подготвени? Време е за забава! ........ 8
Како се движат играчите? ........ 10
Сообраќајни карти ........ 11



## Вовед

Можеш ли да возиш велосипед кон целта побрзо и попаметно од твоите пријатели?

Денес ќе го дознаеш одговорот. Во Велосипедска патека (Велопатека), игра за 2 до 4 играчи, твојата цел е јасна — стигни до крајот  пред другите, користејќи стратегија, брзо размислување и малку среќа. Патеката секогаш се менува, па ќе мора да се снаоѓаш во моментот, додека сообраќајните карти ја прават играта уште повозбудлива.

Планирај го својот пат, следи ги потезите на противниците и не заборавај — само еден може да стигне прв!

## Цел

Кој прв ќе стигне до својата цел?

Во оваа  игра, твојата цел е да стигнеш до полето со ознака „X" во бојата на твојот пион (фигура). Но патот до таму не е едноставен! За да победиш, ќе треба паметно да ги поставиш плочките  и да ја обликуваш платформата по своја мерка — но и да внимаваш на потезите на другите играчи. Сообраќајните карти можат да ти помогнат или да ти ја искомплицираат играта, ако противникот ги искористи против тебе!

Колку далеку можеш да се движиш? Тоа зависи од патеките што ги одбираш, од нивните патни услови и знаци. Стратегија, среќа и вештина — се е важно кога ја бркаш победата!. сообраќајни карти, можете директно да влијаете на вашиот противник. Колку можете да се движите ќе зависи од видот на патиштата/патеките по кои ќе одите и од ситуацијата на таблата со плочки.

## Во оваа кутија ги имате следниве елементи:

- 4 Пиони (фигури), во следниве бои: жолта,сина, црвена и зелена)

- 25 плочки кои ја формираат платформата за играње (една стартна планска плочка, 24 стандардни плочки).

- 35 сообраќајни карти

- 24 жетони во боја  (по 6 од секоја боја на пионите )

---

## Плочки

Ајде прво да ги запознаеме (научиме) плочките кои формираат платформата за играње. Пиуните (фигурите) се движат по плочките до крајната цел – до полето каде е обележан круг со ознака „X“ во твојата боја (постојат 4 вакви полиња, во сина, жолта, црвена и зелена боја).

Но не сите патеки се исти! Видот на плочката одредува колку брзо можеш да се движиш:

- Велосипедска патека (црвена) — најбрза од сите! Ти дозволува да се движиш до четири полиња во било која насока.
- Пешачка патека (поплочена) — солидна и стабилна. Можеш да се движиш до три полиња.
- Асфалтирана улица (црна) — најбавна, но понекогаш единствена опција. Овозможува движење до две полиња.

Избери ја најдобрата патека, прилагоди ја својата стратегија и движи се мудро – победата е во деталите!




Постојат различни сообраќајни знаци во завинсот од тоа каде избирате да се движите, и како, пешки или со велосипед.

Имајте на ум дека некои плочки имаат јасно обележани полиња, додека кај други тие се невидливи – но нема место за грижа, лесно ќе се снајдете! Секоја плочка е замислена како мрежа од 9 еднакви полиња, распоредени во 3 реда со по 3 полиња. Можете да си замислите секоја плочка како мала табла составена од 9 квадратчиња – и секое од нив е потенцијален чекор напред!

Оваа поделба е важна за движењето, па внимавајте каде го поставувате секој следен потег.

## Карти

А сега, ајде да ги запознаеме картите за посебна намена. Овие карти не само што можат да ти помогнат побрзо да стигнеш до целта, туку и да ги забавиш или попречиш противниците на нивниот пат до полето со ознака „X“ во бојата на нивниот  пион (фигура).




Во овој дел ќе најдете упатство за тоа што значи секој (сообраќаен) знак, како и совети за различни ситуации

Во овој дел од картата ќе најдете информации  кои што ја објаснуваат намената на картата.

Во овој дел од картата ќе најдете информации за тоа кога оваа карта може да се користи во играта.

## ПОДГОТВЕНИ? ВРЕМЕ Е ЗА ЗАБАВА!

**Следете ги овие едноставни чекори и започнете ја авантурата:**

1. Одберете пион (фигура) од четирите достапни бои (запамтете: минимум играчи за оваа игра се двајца, а максимум четворица)

2. Најдете ја плочката која е прикажана подолу на сликата, и наместете ја централно на масата/клупата каде што планирате да ја играте ВЕЛО ПАТЕКА. Оваа плочка се вика стартна плочка и истата може да ја препознаете по тоа што во средината има поле во форма на квадрат во кое има помали квадратчиња во сина, жолта, црвена и зелена боја)

3. Наместете го пионот (фигурата) која сте ја избрале на соодветната боја на стартната плочка



Стартна плочка

4. Измешајте ги сите останати плочки и наредете ги во едно купче со опачината свртена нагоре (така што не се гледа што има на нив). Од ова купче секојј играч ќе влече плочка секогаш кога ќе дојде негов/нејзин ред (после вториот круг) со која ќе ја гради платформата и ќе ги поставува патеките.

5. Наместете ги сите сообраќајни карти, со опачината кон вас.

6. На самиот почеток од играта, секој играч влече по 3 сообраќајни карти по случаен избор.
Под оваа точка треба да стои сликата со сообраќајните карти која е на страна 4 и под неа да пишува “сообраќајни карти“




7. Прв ќе започне играчот кој последен возел велосипед (играчите заедно дискутираат на оваа тема и одлучуваат кој ќе биде прв)

**Важно:** редот на играчите се одвива во насока на движењето на стрелките на часовникот.

## КАКО СЕ ДВИЖАТ ИГРАЧИТЕ?

Играчите самите избираат по која патека ќе се движат:

- 4 полиња на велосипедска патека на секој нивен ред на движење
- 3 полиња на поплочена (пешачка) патека на секој нивен ред на движење
- 2 полиња асфалтирана патека-улица на секој нивен ред на движење

Играчите може да се движат по секоја од горенаведените патеки, на разумен и логичен начин. Можете да свртувате во различни насоки кога постои патека, но не можете да движите каде што нема патека – приемр низ згради, низ дрвја – односно онаму каде не постои патека.

Дополнително: можете да движите по велосипедска патека во еден круг, додека во наредниот можете да смените, и да движите по поплочена пешачка патека. Не можете во еден круг, кога е ваш ред, да се движите по една патека (на пример, велосипедска) и потоа да продолжите по друга патека (на пример, асфалтирана патека-улица).

Играчите влечат и поставуваат плочка на платформата во секој круг. Процесот се повторува, се додека не се истрошат сите плочки.

Дополнително: Ако е ваш ред и извлекувате плочка од купчето, но по движењето застанете на раб на плочка и имате уште полиња за да се движите (според изборот на патека), тогаш треба да извлечете уште една плочка и да ја поставите на платформата. Ако повторно застанете на раб на плочка, иако веќе сте ги поминале сите полиња за движење, не влечете нова плочка во истиот круг. Во тој случај останувате на работ. Во наредниот круг ќе влечете нова плочка и ќе ја поставите.

## СООБРАЌАЈНИ КАРТИ

На почетокот од играта, секој играч добива **3 сообраќајни карти** од купчето (свртени со опачината кон играчите). Тие карти може да се користат **кога ќе заврши вториот круг** (кога сите играчи ќе поминат по два пати и ќе извлечат плочки).

Играчите можат да ги користат сообраќајните карти согласно она што е напишано на нив. Во секој момент, играчите мора да имаат 3 карти во своите раце. Тоа значи дека ако искористите една карта, веднаш треба да извлечете друга.

Важно: Играчите не смеат да имаат повеќе од 3 карти во раце во ниту еден момент.





Оваа книга на правила е дел од играта „Велосипедска Патека“, проектот „New Wheels Of Change“

https://ecologic.mk/new-wheels-of-change/

Сите материјали се предмет на лиценцата Creative Commons CC-BY NC-SA.

Може да се користат, репродуцираат, дистрибуираат или модифицираат под следниве услови:

Авторот мора да биде наведен, … Можната понатамошна дистрибуција или понатамошен развој мора да се изврши под надзор на носителот на авторските права.

Повеќе информации: www.ecologic.mk

Кофинансирано од програмата Еразмус+ на Европската Унија.

Co-funded by the European Union